# Кодекс на однесување и етика
# Политика против одмаздување

ETHICS & LEGAL COMPLIANCE | ISSUED: June 1, 2014 – REVISED: April 3, 2024

Magna е посветена на поддршката на култура во којашто може да се покренат правни и етички сомненија без страв од одмаздување. Magna обезбедува повеќе канали за своите вработени и другите заинтересирани страни да пријават такви сомненија и забранува одмазда против вработените и другите заинтересирани страни кои, искрено и со добра намера, искажуваат такво сомнение.

Оваа политика се однесува на Magna International Inc. и сите нејзини работни групации, оддели, заеднички вложувања и други операции на глобално ниво (заедно, „Magna“). Оваа политика се однесува и на сите лица кои имаат деловен однос со Magna или кои делуваат во име на Magna, вклучително вработените, независните претприемачи, службениците, директорите, добавувачите, консултантите и агентите.

## ВОВЕД

Важно е правните и етичките сомненија да се идентификуваат и решат колку е можно поскоро. Според тоа, Magna поддржува работна средина во која нашите вработени и другите заинтересирани страни може да пријават правни и етички сомненија без страв од одмазда (што вклучува казнување, отпуштање, деградирање, суспензија, закана или вознемирување). Magna не толерира одмазда кон оние кои чесно и со добра намера пријавуваат правни и етички сомненија.

## СТАНДАРДИ

Magna ги поттикнува своите вработени и другите заинтересирани страни да пријават какво било веродостојно сомнение во врска со правни и етички проблеми. Брзата идентификација на ваквите проблеми на Magna ѝ ја дава најдобрата можност да биде проактивна, да ги потврди фактите додека се „свежи“ и да го минимизира секое потенцијално влијание со решавање и ублажување на сомненијата.

Magna нема да толерира одмаздување (или закани за одмаздување) против некој кој искрено и со добра намера ќе покрене правно или етичко сомнение („Пријавувач“) или против лице кое му помага на Пријавувачот или е поврзан со Пријавувачот. Напорите да се обесхрабри или спречи некој да покрене такви сомненија или каков било чин на одмаздување против некое лице нема да се толерираат и ќе се третираат како сериозно прашање и ќе се санкционираат со дисциплинска постапка до максимум и вклучително со прекин на вработувањето или друг деловен однос со Magna. Одмаздата може да биде и забранета со закон и може да се казнува како криминален прекршок.

Оваа политика се однесува на сите покренати правни и етички сомненија или поднесени пријави (анонимно или не), вклучително и оние што се пријавени анонимно преку Линијата за помош на Magna, на претпоставениот или менаџерот или на членот на одделението за човечки ресурси, правниот советник, Одделот за етичка и правна усогласеност, внатрешната ревизија или другите соодветни методи („Канали за пријавување“). Оваа политика важи и за покренати сомненија или пријави направени интерно до регулаторната агенција.

## ПРИМЕРИ ЗА ОДМАЗДА

Одмаздата може да има многу форми и може да вклучува суптилно дејствување. Треба да се пријават сомнителни случаи на одмазда (видете го делот „Пријавување сомненија“, подолу), вклучувајќи секој од примерите наведени подолу. Примерите за одмазда може да вклучуваат:

- Намалување, додавање или промена на должности или часови
- Вербална злоупотреба или однесување со намера да се засрами или понижи вработен
- Физичка злоупотреба или закани
- Отказ, деградирање или закани за отказ или деградирање
- Одбивање на унапредување, зголемување на платите, распоредување, трансфер или можности за прекувремена работа
- Други дејства што во спротивност со Повелбата на вработените на Magna или оперативните принципи на Magna

## КАДРОВСКИ ОДЛУКИ И СОРАБОТКА

Ништо во оваа Политика не треба да се толкува како спречување на Magna да донесе одлуки за персоналот врз основа на легитимни деловни причини што не се одмазднички (на пример, кадровска одлука врз основа на прекршување на договорот).

Правните и етичките проблеми и истраги често се комплексни, со многу различни аспекти. Важно е сите вработени и другите заинтересирани страни што ги контактираат во однос на таквите прашања и истраги целосно да соработуваат, со цел Magna да може да ги добие информациите што се потребни во одговарањето на овие прашања навремено и соодветно.

## ПРИЈАВУВАЊЕ СОМНЕНИЈА ИНТЕРНО[1]

Сомненијата за одмазда или другите правни или етички сомненија пријавени интерно преку еден од каналите за пријавување ќе се прегледуваат навремено.

Ние во Magna очекуваме нашите менаџери и претпоставени да го одржуваат процесот Отворена врата. Претпоставените и менаџерите во Magna мора да се осигурат дека се пристапни, сериозно да ги сфаќаат правните и етичките сомненија и да се запознаени со процесот за упатување на таквите сомненија за справување од страна на правниот оддел, одделот за етичка и правна усогласеност, човечките ресурси или внатрешната ревизија, како што е соодветно. Важно е вработените во Magna и другите заинтересирани страни да разберат дека нивните сомненија ќе бидат разгледани. Исто така, важно е дека таквите сомненија да се покренат, разгледаат и веднаш да се упатат на решавање. Откако за првпат ќе се појави сомнение, можноста да се биде проактивен и навремено да се реши проблемот може брзо да исчезне.

Вработените и другите заинтересирани страни исто така треба да знаат дека системите за пријавување на Magna мора да се почитуваат и не смеат да се злоупотребат од никаква причина. Лицата за кои ќе се утврди дека поднеле пријави нечесно или со несоодветни намери (на пример, да казнат или вознемируваат вработен колега) ќе бидат санкционирани со дисциплински мерки до и вклучително со прекинување на вработувањето или друг деловен однос со Magna.

[1] Овој дел се однесува само за пријави направени интерно во Magna. Ве поттикнуваме да пријавувате сомненија интерно преку еден од Каналите за пријавување објаснети погоре. Но, во некои земји, сомненијата може да се пријавуваат екстерно преку механизмот за пријавување на владина или регулаторна агенција. Ништо во оваа политика не ве спречува да го користите механизмот за пријавување на владина или регулаторна агенција онаму каде што е дозволено со закон во вашата земја на живеење.

## ЗА ПОНАТАМОШНИ ИНФОРМАЦИИ:

За понатамошни информации или совет, контактирајте со правниот советник на групацијата или регионалната канцеларија, регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива или потпретседателот за етика и одговорниот службеник за усогласеност со законската регулатива на Magna.

| | |
|---|---|
| Issued: | June 1, 2014 |
| Revised: | April 3, 2024 |
| Next Review: | Q1 2027 |
| Issued By: | Ethics & Legal Compliance |
| Approved By: | Magna Compliance Council |